# ВНАТРЕШНО УПАТСТВО: ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПАЦИЕНТИ

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството, бидејќи содржи важни информации за вас.**

Овој лек се издава без лекарски рецепт. И покрај тоа, треба да го употребувате внимателно за да ви биде што повеќе од корист.

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Советувајте се со вашиот фармацевт ако ви се потребни дополнителни информации.*
- *Доколку симптомите на вашата болест се влошат или ако не се подобрат по 5 до 7 дена, тогаш мора да појдете на лекар.*
- *Доколку некое од несаканите дејства стане сериозно или ако забележите некое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

Во ова упатство:

1. Што претставува Хербион сирупот од тегавец и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го земете Хербион сирупот од тегавец
3. Како да го земате Хербион сирупот од тегавец
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на Хербион сирупот од тегавец

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ

**Хербион сируп од тегавец**

**Екстракт од тегавец и црн слез**
**За олеснување на кашлица**

- *Активни супстанции*: течен воден екстракт од листот на тегавец, течен воден екстракт од цветот на црн слез и витамин Ц. 5 ml од сирупот (1 полна дозирна лажичка) содржи:
  - 2,5 g течен екстракт од мешавината од листови на тегавец (*Plantago lanceolata* L. s.l., folium) и цветови на црн слез (*Malva sylvestris* L., flos), што е еквивалентно на 0,25 g листови од тегавец и 0,25 g цветови од црн слез.
    Растворувач за екстракција: вода.
  - 65 mg аскорбинска киселина (витамин Ц) во облик на 73,12 mg натриум аскорбат.
- *Помошни супстанции*: сахароза, метил парахидроксибензоат (Е218) и вкус на портокал.

Сирупот има кафена до црвеникаво кафена боја и карактеристичен мирис и вкус.
Сирупот е достапен во пакување кое содржи шише со 150 ml сируп и дозирна лажичка.

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:**
КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје, Христо Татарчев – 1, бр.101, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Име и адреса на производителот:**
KRKA, d.d., Novo mesto, Šmarješka cesta 6, 8501 Novo mesto, Словенија

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ХЕРБИОН СИРУПОТ ОД ТЕГАВЕЦ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Хербион сирупот од тегавец содржи екстракт од мешавината од листови на тегавец и цветови на црн слез и витамин Ц. Слузавите материи (муцилаги) кои се состојат во двете лековити

билки како активни супстанции, формираат тенок слој над слузницата на устата и грлото и на тој начин ја штитат од дразби кои предизвикуваат кашлица.

Хербион сирупот од тегавец е хербален лек кој се препорачува за олеснување на сувата и надразнителна кашлица која се јавува при заболувања на горните дишни патишта.

Хербион сирупот од тегавец е традиционален хербален лек чија употреба за горенаведената состојба се базира исклучиво на повеќегодишното искуство.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО ЗЕМЕТЕ ХЕРБИОН СИРУПОТ ОД ТЕГАВЕЦ

**Немојте да го земате Хербион сирупот од тегавец:**

- Ако сте алергични (хиперсензитивни) на екстрактот од листот на тегавец, на екстрактот од цветот на црн слез, витамин Ц или на некоја од помошните супстанции на Хербион сирупот од тегавец.

**Бидете особено внимателни со Хербион сирупот од тегавец:**

- Ако имате долготрајно заболување на органите за дишење, отежнато дишење, покачена телесна температура, хронична кашлица или засипнатост или пак крв во плунката, веднаш мора да одите на лекар.
- Ако имате шеќерна болест, треба да знаете дека сирупот содржи сахароза и затоа не се препорачува да го употребувате.
- Доколку не престанете да кашлате по 5 до 7 дена од земањето на сирупот, советувајте се со вашиот лекар.

**Деца**

Не се препорачува употреба на овој сируп кај деца до 4 годишна возраст без прво да се советувате со лекар.

*Ве молиме да се посоветувате со лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на вас, било кога во минатото.*

**Земање на други лекови со Хербион сирупот од тегавец**

*Ве молиме да го информирате вашиот лекар или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*

Овој лек нема влијание врз дејството на другите лекови.

**Земање на Хербион сирупот од тегавец со храна и пијалок**

Не е забележано взаемно дејство на Хербион сирупот од тегавец со храна.

Се препорачува да пиете чај и други топли пијалоци додека го земате сирупот.

**Бременост и доење**

*Советувајте се со вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Ако сте бремени или доите, се сомневате дека сте бремени или планирате да забремените, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт пред да започнете со земање на овој лек.

Податоците за безбедност при бременост и доење се ограничени, затоа не се препорачува употреба на сирупот за време на бременост и доење. Не се достапни податоци за влијанието врз плодноста.

**Влијание врз способноста за возење или за ракување со машини**

Не е познато дека овој лек влијае врз способноста за возење и ракување со машини.

**Важни информации за некои од помошните супстанции на Хербион сирупот од тегавец**
Препорачаната единечна доза за возрасни (2 полни дозирни лажички) од Хербион сирупот од тегавец содржи 8 g сахароза. Ова треба да се има во предвид кај пациенти со шеќерна болест и пациенти кои се нетолерантни кон некои шеќери. Доколку сте нетолерантни кон некои шеќери, советувајте се со лекар пред да започнете со земање на овој лек.
Метил парахидроксибензоатот (E218) може да предизвика алергиски реакции (можно е да се закаснети алергиски реакции).

## 3. КАКО ДА ГО ЗЕМАТЕ ХЕРБИОН СИРУПОТ ОД ТЕГАВЕЦ

*Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Советувајте се со вашиот лекар или фармацевт доколку не сте сигурни.*

Препорачана доза за возрасни е 2 дозирни лажички од сирупот 3 до 5 пати дневно.

**Употреба кај деца и адолесценти**
Препорачана доза за адолесценти над 14 години е 2 полни дозирни лажички, 3 до 5 пати на ден. Кај деца и адолесцентиод 7 до 14 годишна возраст се препорачува давање на 1 до 2 полни дозирни лажички од сирупот 3 пати на ден, а кај децата од 4 до 7 годишна возраст 1 полна дозирна лажичка од сирупот 3 пати на ден.
Не се препорачува употреба на сирупот кај деца до 4 годишна возраст без претходно да се советувате со лекар.
Немојте да јадете или пиете веднаш по земањето на лекот затоа што храната и пијалоците можат да го забрзаат отстранувањето на лекот од слузницата на устата и грлото.
Доколку симптомите не се подобрат по 1 недела, советувајте се со лекар или фармацевт.
Пред употреба, шишето треба добро да го протресете.
Се препорачува пиење на многу чај и други топли пијалоци додека го земате сирупот.

*Ако имате чувство дека дејството на лекот е премногу силно или премногу слабо, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте земале поголема доза од Хербион сирупот од тегавец отколку што треба**
*Ако сте земале поголема доза од Хербион сирупот од тегавец, веднаш советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*
Не земајте дози повисоки од препорачаните.

**Ако сте заборавиле да го земете Хербион сирупот од тегавец**
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.*
Земете ја следната доза колку е можно побрзо, освен ако веќе е време за следната доза. Во тој случај, прескокнете ја пропуштената доза.

*Ако имате дополнителни прашања во врска со употребата на овој лек, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите лекови, така и Хербион сирупот од тегавец може да има несакани дејства иако не кај сите болни.*

*Нарушувања на имунолошкиот систем*
Ретки (може да се појават кај најмногу 1 на 1,000 лица): алергиска реакција (хипер-сензитивност) на некоја од супстанциите на лекот.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ

Во случај на хиперсензитивност, престанете со земање на сирупот и советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.

*Доколку некои од несаканите дејства станат сериозни или доколку забележите некои несакани дејства кои не се наведени во ова упатство, ве молиме советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ХЕРБИОН СИРУПОТ ОД ТЕГАВЕЦ

**Начин на чување**
***Лекот чувајте го на места недостапни за деца!***

Пред отворање на шишето:
Не се потребни посебни услови на чување.

По отворање на шишето:
Да се чува на температура до 25°C. Сирупот може да се употребува 3 месеци по отворањето на шишето.

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лековите не треба да се фрлаат со отпадоците од домаќинството. Прашајте го вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не ви се потребни. Овие мерки помагаат во заштитата на животната средина.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека без лекарски рецепт..

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**